

Актуелната опозициона партија на македонската политичка сцена ВМРО ДПМНЕ на чело со нејзиниот лидер Никола Груевски за следните локални избори на 15 октомври оваа година во општина Кривогаштани во битката за градоначалничката фотеља ќе настапи со актуелниот градоначалник Тони Заткоски кој по втор пат ќе ја бара довербата од кривогаштанскиот електорат.

За Заткоски има многу да се пишува и кажува во јавноста што истиот има постигнато во својот 4- годишен градоначалнички мандат.

Локалната самоуправа на Кривогаштани е секогаш со финансиска добивка. Општината Кривогаштани населените места кои гравитираат со општината со Заткоски на чело во вистинска смисла на зборот доживеа инфраструктурна ренесанса.

Се асфалтираа патишта, реконструкција на училишни објекти во Кривогаштани и населените места, започнување со работа на Итната медицинска помош, формирање на ЈКП Пелагонија и други активности кои пред доаѓањето на Заткоски за градоначалник беа мислена именка и истите беа на забот на времето.

Заткоски по вокација е инспектор и самата професија го има направено да биде ревносен и принципиелен во извршувањето на поставените задачи.

Со еден збор кажано реализираните проекти се вистинска слика за некогашниот началник на ДБК а сега актуелен градоначалник на Општика Кривогаштани, Тони

Заткоски.

Противник на Заткоски за следните локални избори од редовите на плавите момчиња е Рубин Шефтероски од населеното место Бела Црква.

Лицето Р.Ш. во минатото е казнуван и уценуван, а истиот се декларира како борец “херој“ за човекови права.

Зе 9 години лицето Р.Ш. има купено 4 станови на преубави локации во Прплеп, изградено 2 нови станбени објекти во приватна сопственост во своето родно место Бела Црква. Изградба на модерен откупен пункт со нови вилушкари ваги и 2 камиони. Отворени 2 колонијални продавници и земјоделска аптека.

Ова се само дел од нечесните работи на лицето Р. Ш.

Лицето Р. Ш. ова го има стекнато замислете, со основно образование, додека неговите школски другари и другарки со факултетско образование и сега работат земјоделски култури и во фабрики со странски капитал.

На крајот можсе да заклучиме дека за Градоначалник на општина Кривогаштани ќе бараат глас повеќе инспекторот Тони Заткоски и големиот махинант со македонските финанансиски закони, а тоа е лицето Р.Ш. од Бела Црква.

*Дипл. Екк. Рубинчо В.Јованоски од Прилеп*